# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## Општина Гази Баба

3 мај 2011 | Излегува по потреба | Година VI | број 5



Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за аплицирање и финансиско учество во ''Форуми на заедницата''**

1. Се објавува Одлуката за аплицирање и финансиско учество во ''Форуми на заедницата'', што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 26.04.2011 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 2002/1**
**од 29.04.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 3, член 62 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ( ''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба на Триесет и првата седница одржана на ден 26.04.2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За аплицирање и финансиско учество**
**во ''Форуми на заедницата''**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Општина Гази Баба аплицира за учество во Програмата на швајцарската агенција за развој и соработка (Сњисс Девелопмент анд Цооператион) "Форуми во заедницата" во подпрограмата ''Буџетски Форум''.

**Член 2**

За теми на Буџетскиот форум се предлагаат: Енергетска ефикасност во Основните Училишта, Заштита на животната средина и безбедноста на граѓаните во сообраќајот и подобрување на локалната патна инфраструктура во Општина Гази Баба.

**Член 3**

Општина Гази Баба финансиски ќе учествува во реализирање на Буџетскиот Форум со:

Учество во процесот - освежување на учесниците, надоместоци за Оперативната група, трошоци за односи со јавност, превод (доколку е потребно), превоз, простории за одржување на форумите итн.

Учество во проектниот фонд - финансирање на проектите избрани од Форумот.

**Член 4**

Општина Гази Баба финансиски ќе партиципира со 2.400,000,00 денари преку следните буџетски линии:

" Програма ФА - конто 482130, Реконструкција на улици и патишта.
" Програма ФА - конто 482120, Изградба на улици и патишта.
" Програма Н1 - конто 424210, Одржување на згради.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба'', а ќе започне да се применува по претходно прифаќање на апликацијата за учество.

**Број 07 - 1894/3**
**од 26.04.2011 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот Јануари - Март 2011 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот Јануари - Март 2011 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 26.04.2011 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 2002/2**
**од 29.04.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 32 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06), расправајќи по Извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба за периодот Јануари - Март 2011 година, Советот на Општина Гази Баба на Триесет и првата седница одржана на ден 26.04.2011 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот Јануари - Март 2011 година**

**Член 1**

Се усвојува Извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот Јануари - Март 2011 година.

**Член 2**

Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 07 - 1894/4**
**од 26.04.2011 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за утврдување на Буџетски календар за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2012 година**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на Буџетски календар за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2012 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 26.04.2011 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 2002/3**
**од 29.04.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р**

Врз основа на член 27 став 4 и став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.61/04, 96/04, 22/07, 156/09 и 47/11), член 62 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06) Советот на Општина Гази Баба на Триесет и првата седница одржана на ден 26.04.2011 година, донесе

## О Д Л У К А
## За утврдување на Буџетски календар за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2012 година

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува Буџетски календар за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2012 година.

### Член 2

Со Буџетскиот календар на општината се утврдуваат роковите за планирање и изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2012 година, односно се утврдуваат роковите во кои: Градоначалникот до општинските буџетски корисници ги доставува главните насоки за изготвување на финансиските планови; општинските буџетски корисници ги доставуваат своите финансиски планови до Градоначалникот и процедурите во кои Градоначалникот го доставува Предлог - Буџетот до Советот на општината.

| МОЖЕН РОК | БУЏЕТСКИ АКТИВНОСТИ |
|---|---|
| 01.04-30.04.2011 година | 1. Совет на Општина Гази Баба го донесува Буџетскиот календар. |
| 01.05-15.05.2011 година | 1.Известување од Секторот за финансиски прашања до раководителите на секторите, раководителите на одделенијата и до одговорните лица за одредени активности за изготвување на Предлог-План на Програми за развој на Општината и за изготвување Предлог-Програми за извршување на одделни активности во Општината за 2012 година.<br><br>2.Секторот за финансиски прашања доставува известување до општинските буџетски корисници со главните насоки за изготвување на финансиски планови за 2012 година. |
| 16.05-30.06.2011 година | 1.Изготвените Предлог-План на Програмите за развој на Општината и Предлог-Програми за извршување на одделни активности во Општината за 2012 година, со проценка на трошоците за буџетската 2012 година, раководителите на секторите, раководителите на одделенијата и одговорните лица за одредени активности ги доставуваат до Секторот за финансиски прашања.<br><br>2.Општинските буџетски корисници ги доставуваат финансиски планови за 2012 година до Секторот за финансиски прашања. |
| 01.07-31.08.2011 година | 1.Предлог-Планот на Програми за развој на Општината, Предлог-Програмите за извршување на одделни активности во Општината и финансиски планови на Општинските буџетски корисници за 2012 година се анализираат, се усогласуваат од страна на Секторот за финансиски прашања и се поднесуваат до Градоначалникот.<br><br>2. Секторот за финансиски прашања изготвува и предлага трошковен план за 2012 година. |

| | |
|---|---|
| | 3. Секторот за финансии изготвува и предлага Програма за приходи за 2012 година. |
| 01.09-15.09.2011 година | Градоначалникот предложените Предлог-Планот на Програми за развој на Општината, Предлог-Програми за извршување на одделни активности во Општината за 2012 година и Предлог-Буџетот за 2012 година ги разгледува, ги анализира и ги усогласува со раководителите на секторите, раководителите на одделенијата и со одговорните лица за одредени активности, ги одобрува и ги доставува до Советот на Општината. |
| 16.09-31.10.2011 година | 1.Седница на Советот на Општината на која се усвојуват Предлог-Планот на Програми за развој на Општината и Предлог-Програми за извршување на одделни активности во Општината за 2012 година и Предлог-Буџетот за 2012 година и се дава достапност на јавноста со објавување на нивната содржина.<br><br>2.Се одржуваат јавни расправи. |
| 01.11-15.11.2011 година | Седница на Советот на Општината на која се одобруваат Предлог-Планот на Програми за развој на Општината и Предлог-Програми за извршување на одделни активности во Општината за 2012 година. |
| 16.11-30.11.2011 година | Се изготвува конечен Предлог-Буџет за 2012 година од страна на Секторот за финансиски прашања, и се доставува до Градоначалникот. |
| 01.12-10.12.2011 година | Градоначалникот го разгледува и го одобрува конечниот Предлог-Буџет за 2012 година и го доставува до Советот. |
| 11.12-25.12.2011 година | Седница на Советот на Општината за донесување на Буџетот за 2012 година. |
| 01.01.2012 година | Започнува новата буџетска година |

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 07 - 1894/5**
**од 26.04.2011 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Деловникот за работа на Советот на културната манифестација "Големата мајка"**

1. Се објавува Деловникот за работа на Советот на културната манифестација "Големата мајка", што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 26.04.2011 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 2002/4**
**од 29.04.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 5, член 62 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' број 5/02), член 7 од Законот за култура (''Службен весник на РМ'' број 31/98, 49/03, 82/05, 24/07 и 116/10), член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' број 4/06) и член 2 точка 3 од Одлуката за востановување на културна манифестација "Големата мајка" (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр. 4/11), Советот на Општина Гази Баба на Триесет и првата седница одржана на ден 26.04.2011 година, донесе

## Д Е Л О В Н И К
## За работа на Советот на културната манифестација "Големата мајка"

### Член 1

Со овој Деловник се уредува работата на Советот на културната манифестација "Големата мајка" (во натамошниот текст: Совет).

### Член 2

(1) Претседателот на Советот, претседава со седниците на Советот и се грижи за спроведување на одредбите од Одлуката за востановување на културната манифестација "Големата мајка" и овој Деловник.
(2) Заменик претседателот на Советот го заменува претседателот на Советот во случај на негово отсуство.
(3) Секретарот на Советот ги врши административно-техничките работи на Советот.

### Член 3

(1) Во својата работа Советот донесува заклучоци и препораки (во натамошниот текст: акти).
(2) Актите на Советот се доставуваат до Советот и Градоначалникот на Општина Гази Баба.

### Член 4

(1) Седница на Советот свикува Претседателот на Советот.
(2) Покана за свикување на седница на Советот се доставува до членовите на Советот најдоцна пет дена пред денот определен за одржување на седницата.
(3) Со поканата за свикување на седница на членовите на Советот и на учесниците, им се доставуваат предлог дневниот ред и актите што се предлагаат за разгледување на седницата.

### Член 5

(1) Работите од својата надлежност Советот ги врши на седница.
(2) Советот може да работи, ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупниот број членови, а одлучува со мнозинство гласови од присутните членови.
(3) Советот заседава најмалку двапати годишно, а по потреба и повеќепати.

### Член 6

(1) На предлог на Претседателот, членовите на Советот го усвојуваат дневниот ред.
(2) Секој член на Советот има право да предложи изменување и дополнување на предложениот дневен ред.
(3) Советот најпрво се изјаснува за предлозите од ставот (2) на овој член според

редоследот на поднесувањето, по што го усвојува дневниот ред во целина.

**Член 7**

(1) Предлог за изменување или дополнување на предложените акти за седница на Советот се поднесува во форма на амандман.
(2) Секој член на Советот на секој од предложените акти на седница на Советот, може да поднесе амандман.
(3) Амандманот до Претседателот на Советот се поднесува писмено и мора да биде образложен.
(4) Амандманот може да се поднесе се додека трае претресот по актот.

**Член 8**

(1) Претседателот на Советот амандманот им го доставува на членовите на Советот или за тоа ги известува пред одлучувањето.
(2) За амандманот се води претрес и се одлучува пред да се гласа за одредбата или за актот што е предмет на усвојување на седница на Советот.
(3) Советот ги претресува и се изјаснува по сите поднесени амандмани, и откако истите ќе се исцрпат се гласа за актот во целина.
(4) Најпрво се гласа за амандманот со кој се бара бришење на одредена одредба или став.

**Член 9**

(1) Никој не може да говори пред да побара и добие збор од Претседателот на Советот.
(2) Пријавувањето за збор започнува штом ќе започне претресот, и може да се врши се до неговото завршување.

**Член 10**

(1) Членот на Советот говори од говорница или од место.
(2) Претседателот на Советот се грижи говорникот да не биде попречуван во својот говор.
(3) Говорникот може да го опомене на ред или да го прекине во говорот само Претседателот на Советот.

**Член 11**

(1) Претседателот на Советот им дава збор на членовите на Советот според редоследот на нивното пријавување.
(2) На член на Советот кој сака да зборува за повреда на постапката утврдена со оваа Одлука или за повреда на утврдениот дневен ред, Претседателот на Советот ќе му даде збор штом тој ќе го побара. Говорот на овој член на Советот не може да трае подолго од пет минути, по што Претседателот на Советот е должен да даде објаснување во поглед на повредата на оваа Одлука, односно на утврдениот дневен ред. Ако членот на Советот не биде задоволен од даденото објаснување, за прашањето се решава без претрес (процедурална забелешка).
(3) Ако член на Советот побара збор да поправи навод што е неточно изложен или дал повод за недоразбирање или предизвикал потреба од лично објаснување, Претседателот на Советот ќе му даде збор штом својот говор ќе го заврши оној кој ја предизвикал потребата од поправката. Во својот говор членот на Советот мора да се ограничи на поправката, односно на личното објаснување, а неговиот говор не може да трае подолго од пет минути (реплика).

**Член 12**

(1) Член на Советот може да говори само по прашањето што е на дневен ред.
(2) Ако говорникот се одалечи од дневниот ред, Претседателот на Советот ќе го повика

да се придржува на дневниот ред.

(3) Ако говорникот и по повторното повикување не се придржува на дневниот ред, Претседателот на Советот може да му го одземе зборот.

**Член 13**

(1) Пред да се премине на дневниот ред или во текот на седницата, Претседателот на Советот дава куси соопштенија во врска со работата на седницата и за други прашања.

(2) По усвојувањето на дневниот ред се преминува на претрес по одделни прашања, според редоследот во усвоениот дневен ред.

(3) На седницата се претресува секое прашање што е ставено на дневен ред пред да се одлучи по него.

**Член 14**

(1) Претресот по определено прашање трае и се води се додека по него има пријавено членови на Советот.

(2) Претресот може да се води заедно за две или повеќе прашања што се ставени на дневен ред или нивниот редослед да се промени доколку така одлучи Советот на предлог на член на Советот.

**Член 15**

(1) За одржување на редот на седница на Советот се грижи Претседателот на Советот.

(2) Ако со редовни мерки не може да го одржи редот на седницата, Претседателот на Советот ќе ја прекине седницата, закажувајќи го продолжението.

(3) Претседателот на Советот може да нареди од просторијата каде што се одржува седницата на Советот да се отстрани секое лице кое го нарушува редот, доколку не е член на Советот или поканет гостин.

(4) Сите лица кои се наоѓаат во просторијата каде што се одржува седницата на Советот, по службена должност, должни се да ги извршуваат налозите за одржување на редот на Претседателот на Советот.

**Член 16**

(1) Административно-техничките и просторните услови за работа на Советот ги обезбедува општината.

(2) За работата на Советот се грижи надлежното лице на општината за култура.

**Член 17**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 07 - 1894/6**
**од 26.04.2011 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р**

# СОДРЖИНА

**РЕШЕНИЕ** за објавување на Одлуката за аплицирање и финансиско учество во ''Форуми на заедницата'' .........1

**ОДЛУКА** за аплицирање и финансиско учество во ''Форуми на заедницата'' ....................................2

**РЕШЕНИЕ** за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот Јануари – Март 2011 година ........3

**ЗАКЛУЧОК** за усвојување на Извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот Јануари – Март 2011 година ................................4

**РЕШЕНИЕ** за објавување на Одлуката за утврдување на Буџетски календар за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2012 година ....................................................................5

**ОДЛУКА** за утврдување на Буџетски календар за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2012 година ....6

**РЕШЕНИЕ** за објавување на Деловникот за работа на Советот на културната манифестација „Големата мајка„ .......8

**ДЕЛОВНИК** за работа на Советот на културната манифестација „Големата мајка„ ...............................9

**"Службен гласник на Општина Гази Баба"**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Насе Ралев
бул. Александар Македонски бб - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 100 примероци